ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; ; e-mail: ;

Урброј: ЗМ – 85 – 1/2007
Загреб, 28. 04. 2007.

# З А П И С Н И К

од **13. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **28.04.2007. година** со почеток во **11.30 часот** во просториите на Зелена акција, Франкопанска 1, Загреб.

**Присутни:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Б. Штерјов – Загреб, М. Мајиќ – Задар, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** Претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата и М. Паризоски – дописник на „М. глас" – Загреб.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред и рече дека точката под бр. 2. не е потребно да се обработува, бидејќи таа е сеуште на снага од минатата седница, па членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** со таа измена и седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 12-та седница;
2. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2007. godine";
3. Донесување на „Финансиски план на Заедницата„ за периодот од 01.04.2007. до 31.12.2007. година;
4. Усвојување на новиот предлог на Деловник за начинот и работата на УО на Заедницата;
5. Усвојување на предлог-кандидат на ниво на УО на Заедницата, за именување на нов потпретседател на Заедницата на местото на Владимир Апостолски;
6. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 12. седница на УО на Заедницата.

**Ад. 2.** Во врска со „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2007. godine" за Советот, Е. Петровска рече дека е изработен и на време предаден до Советот (прилог), заедно со извештаите на друштвата (освен Извештајот од друштвото од Пула), со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**. Претс. А. Митревски кратко ги информира присутните за моменталната

состојба на друштвото од Пула и нагласи дека трансферот на средствата за оваа година и понатака им е стопиран, но дека Заедницата ќе стори се што е потребно за да се реши таа проблематика во најкраток рок, за друштвото од Пула да опстане и да може и понатака правно да функционира со новото раководство кое ќе биде избрано на едно единствено вонредно Собрание.

**Ад. 3.** За предлогот за „Финансискиот план на Заедницата„ за период од 01.04. – 31.12.2007. год. (прилог), претс. А. Митревски рече дека и оваа година, освен веќе добиените средства, ќе се бараат средства и од други меродавни институции, па друштвата веќе би требале да почнат да размислуваат кои програми ќе ги предложат за 2008. година. Еден од конкурсите е и на Министерството за надворешни работи на РМ преку Амбасадата на РМ во РХ. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го донесоа** „Финансискиот план на Заедницата„.

**Ад. 4.** За оваа точка, се расправаше за амандманите на предлогот на Деловникот за начинот и работата на УО на Заедницата (прилог), кои беа предложени на минатата седница на УО. Во расправата, членовите на УО дојдоа до заклучок дека амандманите не го менуваат самиот предлог, па по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Деловникот за начинот и работата на УО на Заедницата кој беше предложен од Заедницата (прилог).

**Ад. 5.** Како кандидат за потпретседател на Заедницата на ниво на УО на Заедницата, а на местото на Владимир Апостолски, беше предложена Јагода Цветичанин од Осиек. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** за прифаќање на Јагода Цветичанин за предлог-кандидат за потпретседател на Заедницата, за редовната седница на Собранието на Заедницата.

**Ад. 6.** Под точката разно И. Христодулов ги потсети присутните за нивната молба Заедницата и друштвата да откупат по пет монографии „МКД Илинден – Риека„ од В. Настески, а Ј. Цветичанин ги извести присутните дека нивната монографија „МКД Браќа Миладиновци – Осиек„ од Б. Јовановски, на претставувањето промотивно ќе се продава по цена од 30,00 кн. Предлогот и барањата на главната уредничка на „М. глас„ М. Апостоловска се оставија за расправа за идната седница на УО на Заедницата.

По оваа точка, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **12.15** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ